

**Mr. Zoran Kitanov**

**Director of Public Enterprise for State Roads of Macedonia**

**Academic record**

- Bachelor of Laws – Major in Judiciary
  Faculty of Law, University "Ss. Cyril and Methodius" Skopje

**Professional career**

- 2017 to date: Acting Director/Director of the Public Enterprise for State Roads of Macedonia
- 2010-2017: Director of the Public Enterprise "Strumica Gas"- Strumica, Macedonia
- 2007-2010: "3-M" Trade and Services Company
- 1998-2007: "Macedonian Telecommunications" JSC
- 1998: "Elko Ing Ltd." Manufacturing, Trade and Services Company

Зоран Китанов е роден во Дипломирал на Правен факултет „Јустинијан Први"-правосудна насока на универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје

По завршувањето на Правниот факултет, отсек правосудство, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, започнува со работа во меѓународна шпедиција, кадешто успешно работи до 1997 година извршувајќи ја и функцијата на менаџер на компанијата. Потоа кратко работи во „Елко ИНГ ДООЕЛ", друштво за производство, трговија и услуги, по што кариерата ја продолжува со работа во АД „Македонски Телеком" како менаџер за правни работи. Оваа функција ја извршува до 2007 година. Потоа заминува во „3М" претпријатие зза услуги и промет, каде што се задржува до 2010 година.

Во 2011 година започнува да ја извршува функцијата директор во ЈП „Струмица-Гас" кадешто со особен успех го спроведува проектот за

гасификација на Струмица. Специфичноста на целиот процес е во тоа што бидејќи не постоеше гасоводна цевка до Струмица, Китанов успева проектот да го спроведе преку т.н. виртуелна гасификација со принцип на CNG, со што Струмица станува првиот системски гасифициран град во државава. Следните шест години продолжува со реализација на проектот за гасификација на Струмица пришто реализира 35,000 метри гасоводна мрежа, декомпресиска станица со капацитет од 2500 $м^3$/час, преку 30 мерно регулаторни станици и др. Во текот на целиот овој период се направени и првите гасни приклучоци на домаќинства во државата, а во понатамошниот период и на стопански субјекти и отпочната е реализација и на гасификација на земјоделски парцели со цел да се прекине со користење на дрвото како загревен елемент на оранжери, но и да се спречи сечењето на шумите и зголеменото загадување на животната средина. Со овој проект се поставени и темелите на отпочнувањето на подготовката за когеративни постројки во наредниот период.

Конкретно за овој проект господинот Китанов е добитник на повеќе општествени признанија и награди. Исто така, учествувал и на многу дебати и конгресни гостувања каде што ги споделувал своите искуства поврзани со процесот на гасификација, а бил и демонстратор на симпозиуми, организирани од страна на амбасадите на САД и ЕУ.

Благодарение на успешното спроведување на овој проект од страна на Китанов и неговите лични заложби, ЈП „Струмица-Гас" е првата институција од РСМ примена во Енергетската заедница со седиште во Виена пришто и самиот тој учествува на бројни симпозиуми во организација на заедницата.

Успешната кариера ја продолжува во Јавното претпријатие за државни патишта кадешто од страна на Управниот одбор во 2017 година, е именуван за директор на претпријатието. Во рамките на своите работни обврски Китанов го организира и раководи процесот на работењето, како и работата на претпријатието, чија што основна дејност е да врши управување, планирање, изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државни патишта, како и наплата на патарина.

Посебно горд за време на извршувањето на неговиот мандат како директор на ЈП за државни патишта е успешното воспоставување на нов електронски

систем за наплата на патарина, кој се воведе на наплатните станици во Републиката. Електронскиот систем за наплата на патарина, најпрво се имплементираше на Коридор 10, а дополнително се потпиша Договор за заем за имплементација на електронски систем за наплата на патарина и на Коридорот 8. Во рамките на Проектот за изградба и инсталација на електронскиот систем за наплата на патарина на Коридорот 10, Јавното претпријатие за државни патишта, го означува и почетокот на работата на Оперативниот центар за наплата на патарина Петровец како дел проектот.

Исто така, во текот на неговото раководење, Јавното претпријатие за државни патишта официјално се стекна со Меѓународно признат сертификат за одличност во спроведување на јавните набавки и снабдување, од страна на претставникот на Експертскиот Институт за набавки и снабдување од Велика Британија г-дин Will Beattie. Со стекнатиот Сертификат, Јавното претпријатие за државни патишта покажа транспарентност во работењето и отчетност во постапките на јавните набавки, за што доби и потврда од Центарот за граѓански комуникации (во изданието објавено во Јануари 2019 година) каде што ЈП за државни патишта беше прво на ранг листата на претпријатија според транспарентност со највисоки исполнувања на обврските.

Воедно, за време на неговото извршување на функцијата директор на ЈПДП, за прв пат во Република Северна Македонија во 2019 година беше отворен Првиот Македонски конгрес за патишта, како важен регионален настан од областа на патната инфраструктура. Г.Китанов ја имаше честа да биде претседател на Организациониот одбор, додека пак генерален покровител на настанот беше Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, г-дин Зоран Заев. Целта на овој научен Конгрес беше да се соберат сите менаџери од областа на патиштата од сите земји во регионот и пошироко, за да разменуват искуства и идеи за работењето.

Она за коешто особено е среќен господинот Китанов и коешто секогаш го потенцира е дека за време на неговото работење, посебно во 2019та година, Јавното претпријатие за државни патишта можеше да се пофали со реализација на инвестиции од 85% што укажува на целокупна успешност на работењето на претпријатието за 2019 година.

Дел од проектите коишто се завршија и заокружија беа изградбата на автопатот Демир Капија–Смоквица, како и изградбата на автопатот

Миладиновци–Свети Николе–Штип. Исто така, беа завршени бројни рехабилитации на автопатишта, на магистрални и на регионални патишта. Изградба на нови, како и санирање на многу постоечки мостови. Санација на свлечишта и многу други проекти, но и воведување на нови ЕУ стандарди за изградба на патната инфраструктура.

Благодарение на пожртвуваноста и посветеноста во работењето доделени му се многубројни благодарници и плакети меѓу кои:

- Златната плакета од Друштвото за патишта на Република Македонија, за исклучителен придонес во изградбата и посветеноста во развојот на патната инфраструктура во РМ;
- Плакета за огромен придонес и меѓусебна соработка во делот на патната инфраструктура, доделна од Градежен факултет, а по повод 70 години од постоењето;
- Плакета од ЗИМ–Скопје АД, по повод 60 години од постоење и одлична соработка;
- Плакета од Факултет за електротехничка и информатичка технологија по повод 60 години од постоење, за добра меѓусебна соработка;
- Плакета за успешна соработка и поддршка на развој на општина Кисела Вода, доделена од општина Кисела Вода по повод 64 години постоење;
- Плакета од Автомобилската федерација на Македонија, за поддршка и развој на автомобилски спорт во РМ и др.;
- Благодарница од Јавното претпријатие за патишта ASFINAG–од Австрија–Виена, за севкупно ангажирање и придонес во создавањето на уште поефикасно работење, зголемување на деловната врска и продолжување на остварување успешни резултати во работењето;
- Благодарница од Градежниот факултет од Загреб, Република Хрватска за целосно ангажирање и придонес во создавањето на успешно работење;
- Благодарница од Друштвото за автопатишта од Република Словенија, за ангажирање и придонес во создавањето на уште поефикасно работење;
- Благодарница за реконструкција на регионалните патишта Куманово–Свети Николе, Куманово–Крива Паланка, Куманово–Опае и Куманово–Никуштак, доделена од општина Куманово, и др.